Акционерско друштво
за осигурување и реосигурување
МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп
Бр. 02-7676/2
27.10 2023 год.
СКОПЈЕ

МАКЕДОНИЈА ОСИГУРУВАЊЕ
VIENNA INSURANCE GROUP

Врз основа на член 344 став 1, член 345 став 1 и член 378 став 2 од Законот за трговските друштва, член 28 од Законот за супервизија на осигурување, член 39 став 7 и став 8 од Правилата за котација на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје, член 2 став 1 точка 2 од Правилникот за содржината на редовните известувања кои друштвата за осигурување и/или реосигурување и други лица ги доставуваат до Агенцијата за супервизија на осигурување согласно Законот за супервизија на осигурување, член 20 став 3 точка 5, член 31 Статутот на Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп (во понатамошен текст: Друштвото), во однос на точка 1 од работниот дел на Јавниот повик за свикување на акционерско собрание бр.02-6753/2-1 од 22.09.2023 година, Собранието на друштвото на својата седница, одржана на 27.10.2023 година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**за избор на членови на надзорниот одбор**
**и утврдување на времетраење на мандат**

1. Со оваа Одлука врши избор на членови на Надзорниот одбор на Друштвото и се утврдува времетрањето на мандатот на членовите на Надзрниот одбор.
2. За членови на Надзорниот одбор на Друштвото се избираат:
   - **Габор Лехел (Gabor Lehel),** како член на одборот, со мандат до 31.12.2024;
   - **Филип Бардас (Philipp Bardas)**, како член на одборот, со мандат до 31.12.2024;
   - **Андреја Јосифовски**, како независен член на одборот, со мандат до 31.12.2024;
   - **Реинхард Гојер (Reinhard Gojer)**, како независен член на одборот, со мандат до 31.12.2024.
3. Согласно одредбите од Законот за трговските друштва, податоците за избраните кандидати на на Надзорниот одбор беа и се достапни на официјалната интернет страница на Друштвото, како и на системот за електронски информации на котирани друштва на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје.
4. Членовите на Надзорниот одбор, кои се избираат со оваа Одлука, нема да примаат награда и/или надомест на други трошоци за вршењето на својата функција.
5. Оваа Одлука ќе се објави на официјалната интернет страница на Друштвото.
6. Оваа Одлука ќе се објави на системот за електронски информации на котирани друштва на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје.
7. Оваа Одлука ќе се достави до Агенцијата за супервизија на осигурување.
8. Се овластува Бошко Андов, како Претседател на управниот одбор на Друштвото, да преземе дејствија за упис на промена во Трговскиот регистар што се води при Централниот регистар на Република Северна Македонија, како и соодветно да ја извести Агенцијата за супервизија на осигурување.

АКЦИОНЕРСКО СОБРАНИЕ
**Претседавач**

Ангел Шојлев

Акционерско друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА, Скопје - Виена Иншуренс Груп -
МАКЕДОНИЈА ОСИГУРУВАЊЕ
VIENNA INSURANCE GROUP